**РАКОМЕТЕН КЛУБ МУЛТИ ЕСЕНС**
**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА**
**31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

**СОДРЖИНА** **Страна**


| | |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА | 4 |
| БИЛАНС НА УСПЕХ | 5 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ | 6 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 7 |
| БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 8 |
| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО | 8 |
| СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ | 8 |
| ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ | 12 |
| ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 13 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 13 |
| ДАНОК НА ДОБИВКА | 13 |
| ПОБАРУВАЊА ЗА УСЛУГИ И ПРОВИЗИЈА | 14 |
| ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 14 |
| ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ОБВРСКИ | 14 |
| ОДНОСИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 14 |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

| | Белешка | На 31 декември 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | - | - |
| Нематеријални средства | | - | - |
| | | - | - |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | | - | - |
| Побарувања | 9 | 2.274 | 2.050 |
| Пари и парични еквиваленти | 10 | 14 | 33 |
| | | **2.288** | **2.083** |
| **Вкупно средства** | | **2.288** | **2.083** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основачки капитал | | 1.542 | 1.542 |
| Законски резерви | | 7 | - |
| Задржана добивка | | 161 | 70 |
| | | **1.710** | **1.612** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски за данок на добивка | | 10 | 8 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 11 | 568 | 463 |
| | | **578** | **471** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **2.288** | **2.083** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Управителот на АД РК МУЛТИ ЕСЕНС Скопје на ден 8 февруари 2024 година.

Одобрено од:

Ратко Ставров
Управител

Сања Тодороска
Овластен сметководител

Акционерско друштво за спортски дејности
РАКОМЕТЕН КЛУБ МУЛТИ ЕСЕНС
СКОПЈЕ

## БИЛАНС НА УСПЕХ

| | Белешка | За годината што завршува на 31 декември 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Оперативни приходи** | 4 | **19.084** | **6.800** |
| Потрошени материјали | 5 | (950) | (848) |
| Плати и надоместоци за вработени | 6 | (5.254) | (2.083) |
| Останати расходи од работењето | 7 | (12.765) | (3.790) |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **(115)** | **(6.721)** |
| Трошоци на финансирање | | - | - |
| **Добивка пред оданочување** | | **115** | **79** |
| Данок на добивка | 8 | (17) | (8) |
| **Нето добивка** | | **98** | **70** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ

| | За годината што завршува на 31 декември | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Основачки капитал** | **Законски резерви** | **Задржана добивка** | **Вкупно** |
| **На 1 јануари 2022** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Зголемување на основачки влог | 1.542 | - | - | 1.542 |
| Нето добивка за периодот | - | - | 70 | 70 |
| Издвојување за резерви | - | - | - | - |
| Распределба на добивка од минати години | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2022** | **1.542** | **-** | **70** | **1.612** |
| Зголемување на основачки влог | | | | |
| Нето добивка за периодот | - | - | 98 | 98 |
| Издвојување за резерви | - | - | - | - |
| Распределба на добивка од минати години | - | 7 | (7) | - |
| **На 31 декември 2023** | **1.542** | **7** | **161** | **1.710** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

| | За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2023** | **2022** |
| **Парични текови од редовните активности** | | |
| Приливи од донации | 18.920 | 4.750 |
| Платено на добавувачите и вработените | (18.939) | (6.259) |
| **Паричен тек од работењето** | **(19)** | **(1.509)** |
| **Нето парични текови од редовни активности** | **(19)** | **(1.509)** |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Набавка на основни средства | - | - |
| Добиени субвенции | - | - |
| **Нето парични текови користени за инвестициони активности** | **-** | **-** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Зголемување основачки влог | - | 1.542 |
| Одливи по кредити | - | - |
| Приливи од позајмици | | - |
| Платени камати | | - |
| Распределба на добивка од минати години | | - |
| **Нето парични текови користени за финансиски активности** | **-** | **1.542** |
| **Нето зголемување на пари и парични еквиваленти** | **(19)** | **33** |
| Пари и парични еквиваленти на почеток на годината | 33 | - |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на годината** | **14** | **33** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Основната дејност на АД РК МУЛТИ ЕСЕНС Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото) е Дејност на спортски клубови.

АД РК МУЛТИ ЕСЕНС Скопје е акционерско друштво за спортски дејности, основано и со седиште во Република Северна Македонија. Адресата на Друштвото е:
Бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје
Република Северна Македонија

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики кои се применети при подготвувањето на финансиските извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на целата презентирана година.

### 2.1 Основа за подготвување на финансиските извештаи

Во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва (“Службен весник” бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 13/14, 41/14, 138/14 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/2018, 225/2018, 239/2018, 290/20, 215/21 и 99/2022) правните лица во Република Северна Македонија имаат обврска да водат сметководство и да подготвуваат финансиски извештаи во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

На 29 декември 2009 година, донесен е нов Правилник за водење сметководство (“Службен весник” 159/09, 164/10 и 107/11) во кој се објавени Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), заедно со толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) и толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ), утврдени и издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) заклучно со 1 јануари 2009 година. Овој правилник стапи во примена од 1 јануари 2010 година.

До датумот на составување на придружните финансиски извештаи, измените и дополнувањата на Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ/МСС“) и толкувањата на КТМФИ кои стапиле на сила за годишните периоди кои започнуваат после 1 јануари 2009 година сé уште не се преведени и објавени за примена во Република Северна Македонија.

Имајќи ги во предвид потенцијално материјалните значајни ефекти од разликите помеѓу горенаведените сметководствени прописи кои се применуваат во Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за финансиско известување, кои можат да имаат влијание на реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Друштвото, придружните финансиски извештаи не можат да се сметаат за финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 2.1. Основа за подготвување на финансиските извештаи (продолжение)

Притоа, придружните финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка (“Службен весник” бр. 60/14), чиј сет на финансиски извештаи во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени билансни позиции предвидени со усвоениот МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи.

Придружните финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 2.

Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

Подготвувањето на финансиските извештаи во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководство бара примена на проценки и претпоставки од страна на раководството на Друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во финансиските извештаи. Иако проценките на раководството се базираат на разумни информации и познавања за настаните и активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите. Проценките на раководството се прикажани во Белешка 4.

### 2.2 Курсни разлики

**Валута за вреднување и обелоденување**

Валута за вреднување и обелоденување на трансакциите на Друштвото е македонскиот денар. Износите вклучени во финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако поинаку не е наведено.

**Трансакции и состојби**
Трансакциите направени во странски средства на плаќање се пресметуваат во македонски денари по курсот кој важел на денот на трансакцијата. Курсните разлики настанати од таквите трансакции во текот на годината и од сведувањето на средствата и обврските искажани во странски средства за плаќање по курсот кој важел на денот на Извештајот за финансиската состојба, се искажуваат во Извештајот за сеопфатна добивка како приходи или расходи.

### 2.3 Материјални средства

Материјалните средства иницијално се прикажуваат по нивната набавна вредност. Опремата се прикажува по пазарна вредност намалена за исправката на вредност. Набавната вредност претставува фактурирана вредност на набавените материјални средства.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 2.3 Материјални средства(продолжение)

Издатоците за редовно одржување и поправки се евидентираат како расход во моментот на нивното настанување.
Амортизацијата на опремата се пресметува со примена на праволиниската метода и е наменета за алоцирање на набавната вредност во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на материјалните средства. Предвидениот корисен век на средствата е:

| | | |
|---|---|---|
| Возила | 5 | Години |
| Мебел, компјутери и останата опрема | 4 - 5 | Години |

Резидуалната вредност на средствата и нивниот предвиден век на користење се проценува на денот на Извештајот за финансиската состојба и се корегира доколку е потребно.

### 2.4 Нематеријални средства

Нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за исправката на вредност. Набавната вредност претставува фактурирана вредност на набавените нематеријални средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното право на користење.
Амортизацијата на нематеријалните средства се врши во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на нематеријалните средства, а најмногу до 5 години.

### 2.5 Финансиски средства

**Позајмици и побарувања**

Позајмиците и побарувањата се финансиски средства со дефинирани услови за плаќање. Позајмиците и побарувањата се вклучени во тековните средства, освен оние кои имаат доспевање подолго од 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба. Позајмиците и побарувањата се прикажани во Извештајот за финансиската состојба на позицијата Побарувања од купувачи и останати побарувања (Белешка 10).

### 2.6 Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се искажуваат по фактурираната вредност намалена за исправката на побарувањата. Исправката на вредност на побарувањата од купувачи се врши секогаш кога постојат објективни докази дека побарувањето не може да се наплати. Индикаторите кои се користат при процената за ненаплатливост на побарувањата се: несолвентност, можноста од ликвидација и стечај и доцнење при исплатата на побарувањата. Износот на исправката на вредност претставува разлика помеѓу фактурираната вредност на побарувањата и износот кој се очекува да биде надоместен. Направената исправка на побарувањата се прикажува на позицијата: “Трошоци на продажба и маркетинг” во Извештајот за сеопфатна добивка.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 2.7 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од готовина на сметките во банките и во благајните.

Капиталот на Друштвото го опфаќа основачкиот капитал по основ на удел на основачот, законски резерви и акумулирана добивка. Основачкиот капитал на Друштвото е составен од вложени парични средства на основачот на Друштвото.

Друштвото има задолжителна законска резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката. Оваа резерва се пресметува и се издвојува како процент определен со статутот на Друштвото и не може да биде помал од 5% од добивката, се додека резервите на Друштвото не достигнат износ којшто е најмалку една десетина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.

### 2.8 Обврски по кредити

Иницијално, кредитите се прикажуваат по нивната номинална вредност, намалени за трошоците на трансферот. Во понатамошните периоди, кредитите се прикажуваат намалени за пресметаната камата.

Кредитите се прикажани како тековни обврски.

### 2.9 Користи на вработените

**Обврски за пензии**

Друштвото има обврска за исплата на надомести на вработените кои се категоризирани како “Дефинирани користи” и “Дефинирани придонеси”. Обврските се дефинирани како:

- “Дефинирани користи” на вработените - претставува обврска за исплата на надомести во моментот на пензионирање и вообичаено зависи од еден или повеќе фактори како што се години на старост, работен стаж и надоместоци.

- “Дефинирани придонеси” на вработените - претставува обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и приватни фондови. Друштвото нема обврска за исплата на дополнителни износи доколку државните и приватните пензиски фондови немаат доволно средства за исплата на пензиите.

Друштвото има законска обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и приватни фондови. По исплатата на придонесите за пензиско осигурување, Друштвото нема идна обврска по овој основ. Придонесите се евидентираат како користи на вработените во Извештајот за сеопфатна добивка во моментот на нивно доспевање. Однапред платените придонеси се евидентираат како побарувања само доколку се осигура иден поврат на платените средства или идно намалување на обврската.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 2.10 Формирање на приходот (признавање и мерење)

Приходот претставува објективна вредност на примениот надомест или побарувањето за продадени добра и услуги. Приходот се прикажува намален за данокот на додадена вредност, проценетите поврати, дисконтите и рабатите. Приходите се состојат од:

**Приходи од донации**

Приходите од донации претставуваат добиени парични средства од единствениот сопственик Алкалоид АД Скопје.

**Приходи од продажба на услуги**

Приходите од продажба на услуги се признаваат во моментот на извршување на услугата имајќи го во предвид степенот на завршеност на договорената услуга.

## 3. ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

### 3.1 Видови финансиски ризици

Во своето работење, Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансискиот ризик е насочен кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши Финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од страна на Управителот.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување на доволни количества на готовина, можност за обезбедување на средства за кредитирање на операциите на Друштвото.

**Каматен ризик**

Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на Друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, и истиот го регулира во директни преговори со банките.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 4. ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 19.084 | 6.800 |
| Останати приходи | - | - |
| | **19.084** | **6.800** |

### 5. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Потрошен материјал | - | - |
| Трошоци за униформи | (950) | (848) |
| | **(950)** | **(848)** |

### 6. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Бруто плати | (1.490) | (243) |
| Дневници за службени патувања | - | - |
| Трошоци за хранарина | (3.665) | (1.806) |
| Останати трошоци за вработени | (99) | (34) |
| | **(5.254)** | **(2.083)** |

### 7. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Услуги по договор на дело | 10.969 | 3.035 |
| Наемнини | 315 | 196 |
| Премии за осигурување | 362 | 179 |
| Транспортни услуги | 415 | 99 |
| Хотелски услуги | 392 | 120 |
| Останати расходи | 312 | 161 |
| | **(12.765)** | **(3.790)** |

### 8. ДАНОК НА ДОБИВКА

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Тековен данок на добивка | (17) | (8) |
| | **(17)** | **(8)** |

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 9. ПОБАРУВАЊА ЗА УСЛУГИ И ПРОВИЗИЈА

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Побарувања | 2.274 | 2.050 |
| Минус: Исправка на вредноста | - | - |
| Нето побарувања | **2.274** | **2.050** |

### 10. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Пари во банки | 14 | 33 |
| Пари во благајна | - | - |
| | **14** | **33** |

### 11. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи | 568 | 463 |
| Обврски кон вработени | - | - |
| Останати обврски | - | - |
| | **568** | **463** |
| Број на вработени на 31 декември: | **2** | **1** |

### 12. ОДНОСИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Подолу се прикажани трансакциите со поврзани субјекти:

**Приходи од донации**

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Алкалоид АД Скопје, Северна Македонија | 16.750 | 5.300 |
| | **16.750** | **5.300** |

**Побарувања за донации**

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Алкалоид АД Скопје, Северна Македонија | 2.214 | 2.050 |
| | **2.214** | **2.050** |

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 13. ДАНОЧЕН РИЗИК

Во Република Северна Македонија тековно во сила се неколку даночни закони, кои се воведени од страна на Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Овие даноци вклучуваат: данок на додадена вредност, данок на добивка, персонален данок на доход и останати даноци. Освен тоа, регулативите кои се однесуваат на овие даноци не беа на сила подолг период, спротивно на сличната легислатива во развиените пазарни економии.
Дополнително, регулативите кои ја дефинираат имплементацијата на овие закони, често се нејасни или воопшто не постојат. Постојат спротивставени мислења, кои се однесуваат на правното толкување на регулативата, помеѓу различни министерства и државни организации. На тој начин се креираат неизвесности, како и правни конфликти. Даночните биланси, вклучувајќи ги и сите останати полиња на даночна регулатива (како што се увозните царини), можат да бидат предмет на преглед и контрола од неколку соодветни даночни власти, кои можат да проценат значајни казни и пенали.

Друштвото остварува значајни трансакции со поврзаните странки. Исто така, раководството на Друшвото смета дека поседува доволно и адекватна документација во врска со трансферните цени, но постои одредена неизвесност во поглед на барањата и толкувањата на даночните и другите органи кои може да се разликуваат од оние на раководството. Раководството на Друштвото смета дека различните толкувања нема да имаат значајни ефекти врз единечните финансиски извештаи на Друштвото.

Толкувањето на даночната легислатива од страна на даночните власти, применета врз трансакциите и активностите на Друштвото, може да не коинцидира со толкувањата на Раководството. Како резултат на тоа, трансакциите може да бидат оспорени од даночните власти и од Друштвото може да биде побарано да плати дополнитени даноци, пенали и камати, кои можат да бидат значајни. Документацијата на Друштвото останува отворена за контрола од страна на даночните и царинските власти, за период од 5 години. Ова практично значи дека даночните власти можат да одредат плаќање на дополнителни обврски во период од 5 години од настанувањето на даночната обврска. Горенаведените објаснувања создаваат даночни ризици во Република Северна Македонија, кои се суштински позначајни од оние кои се вообичаени во земјите со повеќе развиени даночни системи.

### 14. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Не постојат значајни настани по периодот на известување кои бараат обелоденување во финансиските извештаи.